# Дневна хемеротека за 18.06.2015г.

## МИА – *Прекуграничен проект со Бугарија за искористување на ОИЕ*

ЧЕТВРТОК, 18 ЈУНИ 2015, 10:04:28
МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

### Прекуграничен проект со Бугарија за искористување на ОИЕ

Препорачај 0

среда, 17 јуни 2015 13:57



**Струмица, 17 јуни 2015 (МИА)** - Центарот за развој на Југоисточниот плански регион од Струмица успешно го имплементираше проектот „Кон иднината", Студија за потенцијалот и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) во прекуграничниот регион со Бугарија, финансиран преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Бугарија во износ од 147.403 евра. Партнер на Центарот од бугарска страна е Асоцијацијата на Југозападни општини од Благоевград.

Проектот, за кој денеска во Струмица се организираше завршна конференција, се реализираше во изминатите 18 месеци. Негова цел беше да се подобри квалитетот на живот на жителите во прекуграничниот регион преку зголемување на енергетската ефикасност и искористување на еко ресурсите.

Во рамките на проектот беше реализирано истражување на терен, секундарно истражување и сумирање на податоците за обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион, и објавување на „Студија за потенцијалот и искористување на обновливи извори на енергија во прекуграничниот регион".

Покрај тоа се одржаа и работилници и тркалезни маси во двата региони со цел да се разгледаат и анализираат најчестите бариери во однос на обновливите извори на енергија и да се презентира Студијата, ако и кампања за зголемување на свесноста, знаењето и позитивниот став кон искористување на алтернативните обновливи извори на енергија. **вј/дма /13:56**

## 24Струмица - *Успешно имплементиран проектот за искористување на обновливи извори на енергија „Кон иднината“*

Со завршна конференција во Струмица, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион успешно го имплементираше проектот „КОН ИДНИНАТА“ – Студија за потенцијалот и искористување на обновливите извори на енергија во прекуграничниот регион, ...

## A1 On - *(ВИДЕО) Дебата: Животна средина и одржлив развој*

a1 on .mk

### (ВИДЕО) Дебата: Животна средина и одржлив развој

Денеска во Кампот на слободата се одржа дискусија на тема „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во согласност со меѓународно преземените обврски?“.



## Локално - *Камп на слободата дебата :„Животна средина и одржлив развој“*

Дискусија на тема „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во согласност со меѓународно преземените обврски?“ Погледнете го видето од Кампот на слободата ...

## Кирилица - *(ВИДЕО) Мирчески: Животната средина во Македонија загадена со нерешени проблеми*

Во Кампот на слободата пред Владата на РМ се одржа дискусија на тема „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во согласност со меѓународно преземените обврски?“, во која учествуваше и Пеце ...

## +инфо - *Мирчески: Немаме депонии, но имаме споменици*

Како држава се повеќе ќе ни биде битна животната средина, како што ќе се доближуваме кон Европската унија, рече на денешната дебата на тема „Животна средина и одржлив развој - каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во ...

## Репортер - *(ВИДЕО) Во Кампот на слободата – дискусија на тема: „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој ...*

Во Кампот на слободата,се одржи дискусија на тема „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во согласност со меѓународно преземените обврски?” во којашто учествуваа: – Андреја Стојковски, ...

## A1 On - *(ВИДЕО) Мирчески: Животната средина во Македонија загадена со нерешени проблеми*

Во Кампот на слободата пред Владата на РМ се одржа дискусија на тема „Животна средина и одржлив развој – каков концепт за одржлив развој има Македонија и колку е тој во согласност со меѓународно преземените обврски?“, во која учествуваше и Пеце ...

# Скопје инфо - *Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница*

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

## Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница

17.06.2015 - 14:39:57

Like Share 22 people like this. Be the first of your friends. Tweet 1 g+1 0

„Макстил" ги исполни сите обврски утврдени во рамките на еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Во изминатиов период се инсталираше постројката за прифаќање на секундарни честички, се изгради складиште за филтерска прашина, за складирање на троската и за нејзино рециклирање. Веќе е набавена мерната станица за амбиентален воздух, која треба во следниот период да се инсталира.



Погонот Челичарница во рамките на скопската железарница почна пробно да работи кон крајот на јануари и по 90 дена продолжи редовно да функционира. Добиените вредности од мерењата за време на пробното работење покажале дека максималните емисиони вредности се движат во рамките од 0,01 милиграм до 0,03 милиграми на метар кубен. Од „Макстил" посочуваат дека ваквите вредности се пониски и од пропишаните европски критериуми.

Во изведбата на работите во проектот учествуваа компаниите „Бетон" и „Факом" од Скопје, додека надзорот над градежните работи го вршеше Градежниот институт „Македонија". Како носител на целокупниот проект се јави италијанската компанија „СТГ Груп" (STG Group S.p.A.), од каде што е набавена опремата и која ја изработи неопходната документација.

Во соработка со build

---

## Fox.mk - *Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница*

Макстил ги заврши активностите за добивање на еколошката дозвола. Целиот процес ја чини компанијата 22 милиони евра. Менаџерскиот тим тврди- мерната станица за амбиентален воздух е набавена, но се уште не е поставена.

## Build - *Заврши изградбата на филтер станицата во скопската железарница*

„Макстил" ги исполни сите обврски утврдени во рамките на еколошката дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Целиот план на активности за приспособување кон законските одредби ја чинеше компанијата 22 милиони евра, ...